**ЈП „Македонски шуми“**
**Бр. 02-974/4**
**27.11. 2018 год.**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 27 став 1 точка 7 од Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми "Македонски шуми" п.о. Скопје, Управниот Одбор на ЈП “Македонски шуми” п.о. Скопје, на својата седница одржана на ден 27.11.2018 година донесе

# ПРАВИЛНИК
## за продажба на главни шумски производи на ЈП "Македонски шуми" п.о. Скопје

***Член 1***

Со овој правилник се одредуваат продажба и примената на Ценовникот на главни шумски производи на ЈП "Македонски Шуми" п.о. Скопје за домашен и меѓународен пазар, се пропишува начинот на продажба на дрвни сортименти, склучување на купопродажни договори, наплатата, нивно следење и извршување во ЈП "Македонски шуми" п.о. Скопје.

***Член 2***

Продажните цени на главни шумски производи на сите паритети на продажба во Ценовникот се искажани без данок на додадена вредност (ДДВ).
Во фактурата за продадените производи, данокот на додадна вредност и останати со закон пропишани давачки посебно и дополнително се пресметуваат.

***Член 3***

Со договор, задолжение или порачка за купување на дрвни сортименти, посебно се договара испораката на договорените производи, денот на обврската за плаќање, фактурирањето на производите, начин и место на утврдување на количините и квалитетот, класификација, превоз, условите за палќање на купените производи, рокот на доспеаност и слично.

***Член 4***

Квалитетот, мерењето и обележувањето на дрвните сортименти (техничко, огревно дрво и друго) се одредени со важечките норми за дрво, одредбите од Законот за шумите и подзаконските акти кои произлегуваат од него и општите акти на ЈП "Македонски Шуми" п.о. Скопје.

***Член 5***

Со овој правилник се регулира и материја која не е регулирана со Правилници и тоа:

1. Долгометражно дрво (ДМ) се прима согласно нормите за (ситна обловина) техничко дрво, обележано со жиг и спецификација по димензии. Волуменот се утврдува по формула за стоечки стебла: $\mathbf{V= (d_{1.3})2 * \pi/4 * L}$

*каде:*
V - волумен на дрвото
d13 - дијаметар на градна височина во см
π=3,14 - лудолфов број, π/4=0,785
L - должина на дрвото во см

2. Дрва за зелена енергија имаат право да купуваат само исталираните капацитети за производство на електична и/или топлинска енергија и капацитетите кои ја отпочнале изградбата, согласно важечката регулатива и добиле дозвола од Регулаторна Комисија за енергетика на Република Македонија.

Техничката дрвна маса се продава во волумен изразено во $м^3$, кој се пресметува од должината и дебелината на сортиментот изразена во сантиметри, без заокружување, односно со цели броеви.

***Член 6***

На барање на купувачот за посебна порачка, r10 димензии (мерки за сечење), посебна заштита на сортиментот или некои други барања кои не се утврдени со ценовникот и условите на продажба, ЈП "Македонски Шуми" п.о. Скопје може да ја зголеми цената на дрвните производи, но не повеќе од 20%.
Продажната цена на техничката дрвна маса произведена во шума и испорачана на купувачот во периодот од 01.12. до 31.03. се зголемува за 5% (зимска цена), поради отежнатите услови за работа во шума.
За купувачите кои купуваат само селектирани (избрани) дрвни сортименти, цената се зголемува за 10%.
На барање на раководителот на Подружницата, Управниот одбор на ЈП."Македонски Шуми" п.о. Скопје може да ја намали цената на огревното дрво во самоизработка (на корен) за потребите на домаќинствата до 20% за паритет на цената на корен (во насади каде нема заинтересирани за сеча и дотур по јавна набавка: при лоши теренски услови, стрмен терен над 45°, карпест терен, избразден терен, свлечишта и други рељефни форми).
За стратешки партнери Директорот на ЈП "Македонски Шуми" п.о. Скопје може да определи рабат на дрвните сортименти до 10%.

**НОРМИ ЗА ДРВО**

***Член 7***

Квалитетот, мерењето и обележувањето на дрвни сортименти определени се со македонски норми издадени од Завод за стандардизација МКС-Производи од експлоатација на шумите. Со примена на македонските норми за дрва и Шумарско-техничкиот прирачник се утврдува:

1. **Видови на дрвја во Република Македонија**

| **Лисјарски видови** | | | **Лисјарски видови** | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Даб горун | ГО | Quercus petraea Liebl. | Липа | ЛП | Tilia spp. |
| Даб плоскач | ПЛ | Quercus frainetto | Евла | ЕВ | Alnus glutinosa G. |
| Останати дабови | ОД | Quercus pubescens<br>Quercus coccifera<br>Quercus cerris и<br>Quercus spp. | Тополи евроамерикански | ТО | Populus spp. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бел габер | БГ | Carpinus orientalis | Тополи домашни | | Populus spp. |
| Црн јасен | ЦЈ | Fraxinus ornus | Врба бела | БВ | Salix alba L. |
| Габер обичен | ВГ | Carpinus betulus L. | Бреза | БЗ | Betula verrucosa |
| Бука обична | БК | Fagus sylvatica L. | Јасика | ЈС | Populus tremula |
| Јавор горски | ЈА | Acer pseudoplatanus L. | Останати лисјари | ОЛ | |
| Јавори | ЈА | Acer spp | **Иглолисни видови** | | |
| Брест | БТ | Ulmus spp. | Ела | ЕЛ | Abies picea alba |
| Багрем | БР | Robinia pseudoacacia | Смрча | СМ | PIcea abies Karst. |
| Орев питом | ОР | Juglans regia L. | Бор црн | ЦБ | Pinus nigra |
| Црн габер | ЦГ | Ostrya carpinifolia | Бел бор | ББ | Pinus sylvestris |
| Костен питом | ПК | Castanea sativa Mill. | Борови останати | ОБ | Pinus spp. |
| Цреша дива | ДЦ | Prunus avium L. | Молика | МО | Pinus peuce |
| Крушка дива | ДК | Pyrus piraster L. | Дуглазија | ДУ | Pseudotsuga |
| Слива дива | ДС | Prunus cerassifera | Чемпрес | ЧЕ | Cupressus |
| Платан | ПТ | Platanus orientalis | Останати иглолисни | ОЧ | |

**1.1.Дрво од видови на дрвја**

| ОБЛО ДРВО ОД ТВРДИ ЛИСЈАРИ | ОБЛО ДРВО ОД МЕКИ ЛИСЈАРИ |
|---|---|
| ДАБ | ТОПОЛА |
| БУКА | ЕВЛА |
| ГАБЕР | ВРБА |
| БАГРЕМ | ЈАСИКА |
| КОСТЕН | ЛИПА |
| ЈАСЕН | БРЕЗА |
| ПЛАТАН | |
| ЈАВОР | |

**2. Разврстување – сортирање**

**2.1.Разврстување - сортирање по намена и степени на квалитет**

| СТЕПЕН НА КВАЛИТЕТ | НАМЕНСКИ СОРТИМЕНТ |
|---|---|
| F | Фурнирски трупец |
| L | Трупец за луштење |
| R | Резонанс |
| I | Пилански трупец |
| II | Пилански трупец |
| III | Пилански трупец |
| О.Т | Обло техничко |
| С.Т | Ситно техничко |

**2.2.Разврстување – сортирање по намена за преработка**

| НАМЕНСКИ СОРТИМЕНТИ | НАМЕНСКИ СОРТИМЕНТИ |
|---|---|
| Обловина за прагови | Техничка облица, цепаници |
| Пилоти-долга граѓа | Целулозно дрво |
| Рудничко дрво | Дрво за дрвени плочи |
| ТТ столбови, столбови за ел.водови | Дрво за танин |
| Столбови за овошки и лозја | Дрво за огрев |
| Коларско дрво | Колци за овошки и лозја |

**3. Густина на дрвото**

| ДРВЕН ВИД | СВЕЖО | ПРОСУШЕНО | АПСОЛУТНО |
|---|---|---|---|
| | | 12% - 18% влага | 0% влага |
| | t/m³ | t/m³ | t/m³ |
| **ТВРДО ЛИСТОПАДНО ДРВО - ТЛ** | | | |
| БУКА | 0,82 - 1,07 - 1,27 | 0,54 - 0,72 - 0,91 | 0,49 - 0,69 - 0,88 |
| ДАБ | 0,65 - 1,01 - 1,16 | 0,43 - 0,69 - 0,96 | 0,39 - 0,65 - 0,93 |
| ГАБЕР | 0,66 - 0,97 - 1,20 | 0,54 - 0,83 - 0,86 | 0,50 - 0,79 - 0,82 |
| ЈАВОР | 0,83 - 0,97 - 1,04 | 0,53 - 0,63 - 0,79 | 0,48 - 0,59 - 0,75 |
| БАГРЕМ | 0,75 - 0,87 - 1,00 | 0,58 - 0,77 - 0,90 | 0,54 - 0,73 - 0,87 |
| БРЕСТ | О,73 - 0,85 - 1,18 | 0,48 - 0,68 - 0,86 | 0,44 - 0,64 - 0,82 |
| ЈАСЕН | 0,60 - 0,80 - 1,14 | 0,45 - 0,69 - 0,86 | 0,41 - 0,65 - 0,82 |
| **ПРОСЕК** | **1,00** | | |
| **МЕКО ЛИСТОПАДНО ДРВО -·МЛ** | | | |
| БРЕЗА | 0,80 - 0,94 - 1,09 | 0,51 - 0,65 - 0,83 | 0,46 - 0,61 - 0,80 |
| ТОПОЛА | 0,73 - 0,90 - 1,07 | 0,41 - 0,45 - 0,56 | 0,37 - 0,45 - 0,52 |
| ЛИПА | 0,58 - 0,73 - 0,88 | 0,35 - 0,53 - 0,60 | 0,32 - 0,49 - 0,56 |
| ЕВЛА | 0,61 - 0,71 - 1,01 | 0,49 - 0,55 - 0,64 | 0,45 - 0,51 - 0,60 |
| **ПРОСЕК** | **0,85** | | |
| **ИГЛОЛИСНО ДРВО -·ИД** | | | |
| ЕЛА | 0,98 | 0,35 - 0,45 - 0,75 | 0,32 - 0,41 - 0,71 |
| СМРЧА | 0,90 - 0,96 - 1,04 | 0,33 - 0,47 - 0,68 | 0,30 – 043 - 0,64 |
| БОР | 1,02 | 0,41 - 0,62 - 0,98 | 0,38 - 0,58 - 0,91 |
| АРИШ | 0,77 - 0,95 - 1,10 | 0,44 - 0,59 - 0,85 | 0,40 - 0,55 - 0,82 |
| **ПРОСЕК со** | **0,95** | | |
| **ПРОСЕК без** | **0,85** | | |

## 4. Фактори за претварање на разни единици за претворање

### 4.1.Историска единица за еднометарско дрво

| | | | |
|---|---|---|---|
| ТЕХНИЧКА ЦЕПАНИЦА | 1 prm = 0,80 $m^3$ | тл 750 kg | 1$m^3$ = 1,25 prm |
| | | мл 700 kg | |
| | | ид 650 kg | |
| ТЕХНИЧКА ОБЛИЦА | 1 prm = 0,75 $m^3$ | тл 750 kg | 1 $m^3$ = 1,35 prm |
| | | мл 700 kg | |
| | | ид 650 kg | |
| ЦЕЛУЛОЗНО ДРВО | 1 prm = 0,70 $m^3$ | тл 750 kg | 1 $m^3$ = 1,43 prm |
| ДРВО ЗА ДРВЕНИ ПЛОЧИ | | мл 700 kg | |
| ДРВО ЗА ТАНИН | | ид 650 kg | |
| ДРВО ЗА ОГРЕВ | 1 prm = 0,70 $m^3$ | тл 750 kg | 1 $m^3$ = 1,43 prm |
| | | мл 700 kg | |
| | | ид 650 kg | |
| СЕЧЕНИЦА | 1 prm = 0,70 $m^3$ | | 1 $m^3$ = 1,43 prm |
| ШУМСКИ ОТПАД | 1 prm = 0,70 $m^3$ | | 1 $m^3$ = 1,43 prm |
| КОРЕЊА | 1 prm = 0,45 $m^3$ | | 1 $m^3$ = 2,22 prm |
| ГРАНКИ | 1 prm = 0,37 $m^3$ | | 1 $m^3$ = 2,70 prm |

### 4.2.Историска единица за кусо дрво

| | | |
|---|---|---|
| ПЕНУШКИ ДО 40 СМ ДОЛГИ (КУСАЦИ) | 1 prm = 0,45 $m^3$ | 1 $m^3$ = 2,3 prm |

## ПАРИТЕТИ НА ПРОДАЖБА И ТРОШОК ЗА ПАРИТЕТИ НА ПРОДАЖБА

***Член 8***

По меѓународните правила INCOTERMS 2010 паритети на продажба се:

Времен склад:
- EXW - франко на пенушка во шума
- EXW - франко покрај пенушка необработено - соборено во шума
- EXW - франко покрај пенушка изработено во шума
- EXW - франко склад во шума

Постојан склад: EXW - франко склад во урбана средина

## ТРОШОЦИ ЗА ПАРИТЕТНА ПРОДАЖБА

*Член 9*

| ВИД НА ТРОШОК | СОРТИМЕНТ | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | - Трупци за фурнир<br>- Трупци за лупење<br>- Трупци пилански<br>- Железнички прагови<br>- Тенка обловина<br>- Рудничко дрво<br>- Коларско дрво<br>- Пилоти<br>- Столбови за лозја | | | | - Колци за овошки и лозја<br>- Технички облици<br>- Технички цепаници<br>- Дрва за танин<br>- Целулозни дрва<br>- Дрва за дрвени плочи<br>- Дрва за огрев | | | |
| | **Тврдо листопадно дрво** | | **Меко листопадно и иглолисно дрво** | | **Тврдо листопадно дрво** | | **Меко листопадно и иглолисно дрво** | |
| | **ден/m$^3$** | **€/m$^3$** | **ден/m$^3$** | **€/m$^3$** | **ден/m$^3$** | **€/m$^3$** | **ден/m$^3$** | **€/m$^3$** |
| **СЕ ОДБИВА ЗА ПАРИТЕТ ЦЕНА НА ПЕНУШКА** | | | | | | | | |
| Директен трошок на пенушка | 680,00 | | 680,00 | | 550,00 | | 550,00 | - |
| **СЕ ОДБИВА ЗА ПАРИТЕТ ЦЕНА ПОКРАЈ ПЕНУШКА - СОБОРЕНО** | | | | | | | | |
| Директен трошок покрај пенушка - соборено | 580,00 | | 580,00 | | 500,00 | | 500,00 | |
| **СЕ ОДБИВА ЗА ПАРИТЕТ ЦЕНА ПОКРАЈ ПЕНУШКА - ИЗРАБОТЕНО** | | | | | | | | |
| Директен трошок покрај пенушка - изработено | 440,00 | - | 440,00 | - | 390,00 | - | 390,00 | - |

*Член 10*

Цените на главните шумски производи утврдени се на паритет EXW – франко склад во урбана средина. Цените на главните шумски производи за продажба на други продажни места се утврдуваат со одбивање, односно додавање на трошоци утврдени во член 9 во ова Упатство.

*Член 11*

Цените на производите и услугите се утврдуваат во службена валута на Република Македонија - денар (ден).

Цените за меѓународен пазар се пресметуваат во девизна противвредност на денарот, утврдена во став 1 од овој член и тоа со примена на средн курс на НБРМ на денот на продажбата.

## ЦЕНИ НА ГЛАВНИ ШУМСКИ ПРОИЗВОДИ

*Член 12*

Цените на главните шумски производи се утврдени во важечкиот Ценовник на главни шумски производи на ЈП „Македонски шуми“ п.о. Скопје.
Во Ценовникот истите се утврдени по видови дрвја евидентирани со соодветен број на шифра, како и цени на производи од шума и други користења и услуги на склад, исто така евидентирани со соодветен број на шифра.

## ФАКТУРИРАЊЕ

*Член 13*

Издавање на фактури за продадени производи и извршени услуги од страна на ЈП „Македонски шуми“ п.о. Скопје, се врши првиот работен ден за испораките извршени во претходниот ден, врз основа на предходно издадена испратница за испорачани сортименти.

## НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

*Член 14*

Начинот на плаќање може да се врши:

1. Плаќање во благајна:
   - во готово или
   - со електронска картичка.

   За извршената уплатата се издава фискална сметка, а прометот се заверува во финансова книга.
2. Плаќање на трансакциска сметка:
   Пред уплатата се издава профактура. Уплатата врз основа на издадената профактура може да се изврши со:
   - електронска уплата (e-banking) или
   - уплата на трансакциска сметка во банка или пошта.

   Откако ќе се уплатат средствата се издава авансна фактура.
   Откако ќе се испорача робата се издава фактура.

Продадените дрвни сортименти се плаќаат целосно, пред нивната испорака.
За договори во кои е предвидено одложено плаќање (со предходно обезбедена банкарска гаранција), рокот на плаќање на дрвните сортименти и услугите за превоз на истите се дефинираат поединечно во секој договор.

## РЕКЛАМАЦИЈА

*Член 15*

Дрвните сортименти продадени и испорачани од ЈП „Македонски шуми“ п.о. Скопје можат да бидат предмет на рекламација.
Купувачот има право на рекламација за квалитет и количина, во рок од 5 работни дена од денот на испораката.
Доколку во тој рок комисијата за рекламација не ја утврди состојбата, се смета дека рекламацијата е прифатена.

Доколку комисијата за рекламација утврди дека рекламацијата повеќе од 50% е неоснована, трошоците за рекламација ги сноси купувачот по важечкиот Ценовник на главни шумски производи на ЈП „Македонски шуми“ п.о. Скопје.
Дрвните сортименти продадени од ЈП „Македонски шуми“ п.о. Скопје, а испорачани од добавувач, изнајмен превозник или сопствен превоз на купувачот, можат да се рекламираат само на лице место на утоварот.
По извршената испорака од други лица и субјекти до крајниот потрошувач, ЈП „Македонски шуми“ п.о. Скопје не прифаќа рекламација.

## ПРЕКИН НА ИСПОРАКА- РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### *Член 16*

Доколку купувачот не ја плати настаната обврска за плаќање по основа на доспеан долг, продавачот ја стопира испораката на дрвни сортименти, додека купувачот не изврши целосно плаќање на обврската.
Доколу купувачот не го подмири доспеаниот долг во предвидениот рок од Договорот, продавачот ја стопира испораката на договорена количина на сортименти, па ги активира инструментите на осигурување на плаќањето. Ако купувачот не го плати долгот во рок од 30 дена од негово доспевање, договорниот однос се раскинува, освен доколку неплаќањето е последица на виша сила.
Купувачот на кој ќе му се раскине договорот поради неплаќање се става на црна листа на купувачи, кои понатаму немаат право на купопродажен договор најмалку 1 година.

## НАЧИН НА ПРОДАЖБА НА ДРВНИ СОРТИМЕНТИ

### *Член 17*

Дрвните сортименти се продаваат со:
1. Рамковен договор за деловна соработка со годишни договори
2. Годишен договор без рамковен договор
3. Продажба на благајна – малопродажба

## РАМКОВНИ ДОГОВОРИ ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА СО ГОДИШНИ ДОГОВОРИ

### *Член 18*

Рамковни договори можат да се склучуваат за време до 10 години, независно од времето на склучување, и тоа за количини до 70% од планираните годишни количини на производство на трупци, огревно дрво и биомаса.
Право на рамковен договор имаат:
1. Право на рамковен договор имаат купувачи кои имаат сопствена пилана или повеќегодишен закуп на пилана. Сопственик на пилана дадена на повеќегодишен закуп нема право на рамковен договор.
   Препродажба на трупци не е дозволена, освен после искористеното право на првокупување од ЈП „Македонски шуми“ п.о. Скопје, по куповна цена од ЈП „Македонски шуми“ п.о. Скопје.
   Правните субјекти или поврзани правни субјекти во мнозинска сопственост на едно лице или поврзани лица се сметаат како еден субјект.

2. Право на рамковен договор за купување на нестандардни дрвни производи (дрва за чипс, биомаса за зелена енергија) имаат купувачи кои во своите капацитети произведуваат зелена енергија (електична енергија и/или топлинска енергија).
3. Право на рамковен договор за купување на огревно дрво и дрва за производство на дрвни производи (дрва за преработка) имаат купувачи кои во своите капацитети произведуваат зелена енергија (електична енергија и/или топлинска енергија) кај кои при процесот на согорувањето на дрвото имаа висок процент на искористеност на произведената енергија, минимум 60%.
4. Право на рамковен договор за купување на дрвни сортименти, дрва за производство на дрвни производи (дрва за преработка) и огревно дрва имаат купувачи кои во своите преработувачки капацитети имаат инсталирани линии за дрвени плочи, иверици, пелети, брикети, конфекциониран цепен огрев (палетиран, пакуван во вреќи и кутии) и производство на дрвен јаглен.
5. Право на рамковен договор за купување на огревно дрво за конфекциониран огрев имаат правните субјекти кои ги исполнуваат одредбите согласно Законот за шумите.

Секој правен субјект склучува рамковен договор поединечно. Правниот субјект може да склучи само еден рамковен договор. Рокот на склучување на рамковните договори е во периодот од 15 до 31 декември.

Рамковниот договор се потпишува по подмирување на сите доспеани обврски (доколку постојат), но не покасно од предвидениот рок за склучување на рамковни договори.

Врз основа на рамковен договор, се склучуваат годишни договори, во кои е утврдена цената и количината на дрвните сортименти на годишно ниво.

Барана количина во годишниот договор за следна година по индивидуален купувач не можат да бидат поголеми за повеќе од 10% од купени или договорени сортименти во тековната година, но не поголеми од 10.000 м$^3$ по купувач.

## ГОДИШЕН ДОГОВОР НА ОСНОВА НА РАМКОВЕН ДОГОВОР ПРОДАЖБА НА ТЕХНИЧКО ДРВО НА ПРАВНИ ЛИЦА

### *Член 19*

Врз основа на рамковен договор се поднесува барање за склучување на годишен договор. Барањата за склучување на годишен договор се примаат до 31 декември во тековната за наредната година.

Во Барањето се наведуваат: дрвен вид, квалитетни класи според потребите и намената (техничко дрво за производство на: фурнир, лупење, пилење, амбалажа и друго) и количините. Во Барањето е наведена и потребната документација за правниот субјект која треба да се достави во прилог на истото.

Годишниот договор за продажбата на техничкото дрво се склучува:

1. Годишен купопродажен договор за количина над 1.000 м$^3$
   - со авансно плаќање на целата вредност на договорот,
   - врз основа на утврдена месечна динамика за плаќање и испорака или
   - со плаќање на еднакви месечни рати (максимум 6 рати).

   Рок на склучување на годишниот купопродажен договор е во периодот од 01 до 15 јануари.
2. Годишен купопродажен договор за количини помали до 1000 м$^3$, но не помали од 300 м$^3$
   - со авансна уплата или

- врз основа на утврдена месечна динамика за плаќање и испорака, но не поголема од 3 месеци.

Рок на склучување на годишниот купопродажен договор е во периодот после 15 јануари.

3. Годишен купопродажен договор за количини над 1000 $м^3$ со рок на плаќање до 30 дена од денот на испорака на техничкото дрво:
   - со авансна уплата при склучување на договорот во висина до 30% од вкупната вредност на договорот и обезбедена банкарска гаранција во износ од 70% од вредноста на договорот.

   При продажбата на техничкото дрво под точка 3 не смее да се врши испорака ако:
   - не се платени доспеаните износи,
   - не смее да се испорачува роба со поголема вредност од банкарската гаранција.

   Банкарската гаранција треба да биде со важност еден месец повеќе од важноста на договорот.

   Рок на склучување на годишниот купопродажен договор е во периодот после 15 јануари.
4. Годишен купопродажен договор за количини над 1000 $м^3$, со рок на плаќање до 30 дена од денот на испораката на техничкото дрво,
   - со авансна уплата при склучување на договорот во висина до 30% од вкупната вредност на договорот и обезбедена хипотека на имот од прв ред со вредност 1:1,5 од вкупната вредноста на договорот.

   При продажбата на техничкото дрво под точка 4 не смее да се врши испорака ако:
   - не се платени доспеаните износи.

   Рок на склучување на годишниот купопродажен договор е во периодот после 15 јануари.
5. Годишен купопродажен договор за количини над 1000 $м^3$ со авансна уплата при склучување на договорот во висина до 30% од вкупната вредност на договорот и понатамошни авансни уплати пред испораката.

## ГОДИШЕН ДОГОВОР НА ОСНОВА РАМКОВЕН ДОГОВОР ПРОДАЖБА НА ДРВНИ СОРТИМЕНТИ, ДРВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ДРВНИ ПРОИЗВОДИ (ДРВО ЗА ПРЕРАБОТКА) НА ПРАВНИ ЛИЦА

### *Член 20*

Годишниот договор за продажбата на дрвни сортименти, дрва за производство на дрвни производи (дрва за преработка) се склучува:

1. Годишен купопродажен договор за количини над 5.000 $м^3$:
   - со авансна уплата при склучување на договорот на 30% од вкупната вредност на договорот, а остатокот од вредност на договорот на 4 еднакви рати.
2. Годишен купопродажен договор за количини над 1.000 $м^3$:
   - со авансна уплата на вкупната вредност на договорот.

## ГОДИШНИ ДОГОВОРИ ЗА ТЕХНИЧКО ДРВО СО ПРАВНИ ЛИЦА (БЕЗ РАМКОВЕН ДОГОВОР)

### *Член 21*

Право на годишен договор без рамковен договор имаат сите купувачи (долгогодишни и нови купувачи), врз основа на поднесено барање.
Предност за склучување на годишен договор имаат правните лица кои се долгогодишни партнери на ЈП „Македонски шуми“ п.о. Скопје и немаат неподмирени долгови и не се наоѓаат на црна листа.
Нови купувачи се сите оние купувачи кои немале договор со ЈП „Македонски шуми“ п.о. Скопје две години пред поднесување на барањето.
Барањата за склучување на годишен договор се примаат најкасно до 31 декември во тековната за наредната година.
Во Барањето се наведуваат: дрвен вид, класа, количина и динамика на испорака. Во Барањето е наведена и потребната документација за правниот субјект која треба да се достави во прилог на истото.
Количините на техничко дрво за годишните договори без рамковен договор, се количини кои се останати по склучување на годишните договори со рамковен договор, а се распределуваат пропорционално за сите купувачи според бројот на вработени, но не повеќе од 200м$^3$ бука и 250м$^3$ од четинарски видови по вработен работник кој работи во производниот погон за преработка на техничко дрво.
Рок на склучување на годишните договори е после 15 јануари.
Плаќањето на договорените количини е авансно, согласно месечната динамика за испорака.
Право на Франшиза за годишна продажба на производи од дрва, произведени од ЈП "Македонски шуми" п.о. Скопје имаат правните лица кои ги прифатат условите пропишани во посебен Правилник за франшиза донесен од Управниот Одбор на ЈП "Македонски шуми" п.о. Скопје и склучат годишен договор за франшиза.

## ГОДИШНИ ДОГОВОРИ ЗА ОГРЕВНО ДРВО СО ПРАВНИ ЛИЦА (БЕЗ РАМКОВЕН ДОГОВОР)

### *Член 22*

Барањата за склучување на годишен договор се примаат најкасно до 31 декември во тековната за наредната година.
Во Барањето се наведуваат: дрвен вид, класа, количина и динамика на испорака.
Во прилог на Барањето за склучување на годишни договори со правните лица се доставува:

- Решерние за промет на дрво и дрвни сортименти, издадено од МЗШВ
- Тековна состојба од правното лице издадена од Централен регистар на РМ, не постара од 6 месеци
- ДРД обрзаец издаден од Централен регистар на РМ
- Декларација за прием (заверен образец од банка депонент за последен исплатен личен доход по број на вработени)

Плаќањето на договорените количини е авансно на вкупната вредност на договорот.

## ГОДИШНИ ДОГОВОРИ ЗА ПРОДАЖБА НА ОГРЕВНО ДРВО НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ, ИНВАЛИДИ НА ТРУДОТ И СИНДИКАТИ НА ПРАВНИ ЛИЦА

***Член 23***

Купопродажните договори за огревно дрва за домаќинство со здруженија на пензионери, инвалиди на трудот се склучуваат со плаќање на рати, со рабат од 2%, а последната рата да не биде подоцна од месец октомври во годината за која важи договорот.

Купопродажните договори за огревно дрва за домаќинство со други здруженија и синдикати на правни лица се склучуваат со плаќање на рати, без рабат, а последната рата да не биде подоцна од месец октомври во годината за која важи договорот.

Испораката се врши согласно висината на уплатените средства, до исполнувањето на предвидените количини во договорот.

***Член 24***

Договорите за продажба на сите видови дрвни сортименти, изнесени во членовите: 18, 19, 20, 21, 22 и 23 се склучуваат во Дирекцијата на ЈП "Македонски шуми" п.о. Скопје, односно во Секторот за комерцијални работи.

***Член 25***

Договорите од член 24 се потпишуваат од:

- Одговорното лице на правното лице – купувач
- Раководител – директорот на ПШС
- Изработувач на договорот од Секторот за комерцијално работење
- Помошник директор на Секторот за комерцијално работење
- Помошник директор на Секторот за шумарство
- Помошник директор на Секторот за правни, општи и заеднички работи и човечки ресурси
- Директорот на ЈП "Македонски шуми" п.о. Скопје

Спроведувањето на договорите, запазување на динамиката на испорака, квалитетот и пропратната документација: испратници, фактури и слично, е во надлежност и одговорност на раководител-директорот на ПШС.

Директорот на ЈП "Македонски шуми" п.о. Скопје врши надзор врз спроведување на истите, а потпишувајќи го договорот, дава правна сила на истиот во делот на одредбите од договорот, дали е во согласност со законот и дали кон договорот се приложени или исполнети посебни барања (банкарска гаранциіа, уплата за учество и слично).

***Член 26***

При продажба на дрвни сортименти со авансно плаќање (сите видови на договори), секторот за комерцијални работи издава Задолжение за испорака на дрвни сортименти во висина на уплатените финансиски средства.

Раководителот - директор на подружница е задолжен и одговорен за спроведување и извршување на Задолжението за испорака на дрвни сортименти.

***Член 27***

Продажба на огревно дрво по цена на мало за физички лица може да се врши најмногу на 6 (шест) рати, за што одлука донесува Директорот на ЈП "Македонски шуми" п.о. Скопје, по претходно барање од страна на ПШС.

Право на склучување на договори имаат подружниците во кои се целосно подмирени обврските од изминатите години согласно договорите за физички лица и обврските од сите физички лица кои купиле огревно дрва за домаќинството.
Одговорноста за ненавремена испорака, наплата и неправилна евиденција на продажбата од став 1 на овој член е на Раководителот на ПШС.

*Член 28*

Секое самоволно издавање на дрвни сортименти без Договор или Задолжение од Секторот за комерцијално работење се смета за злоупотреба и ќе се санкционира.

*Член 29*

Наплатата, испораката и целосната реализација на одредбите од сите горенаведени договори е во надлежност на ПШС, ракводителот – директор и одговорните лица во подружницата.
За обврските од став 1 на овој член раководителот на ПШС е должен да достави извештај за реализација во секторот за комеријални работи при дирекцијата, 2 (два) пати месечно.

*Член 30*

Компензација и Цесија со огревно и техничко дрво не е дозволена, освен со Одобрение (Задолжение) од Секторот за комерцијални работи на барање на подружницата, и тоа во случаи ако е оправдана и во интерес на ЈП "Македонски шуми" п.о. Скопје.
Секоја самоволно извршена компензација и цесија без Задолжение одобрено од Секторот за комерцијални работи, се смета за злоупотреба и ќе се санкционира.
При спроведување на компензација и цесија важи продажната цена на дрвните сортименти согласно важечкиот Ценовник на ЈП "Македонски шуми" п.о. Скопје.

## ПРОДАЖБА НА БЛАГАЈНА (МАЛОПРОДАЖБА)

*Член 31*

Продажба на дрвни сортименти на благајна е можна за потребите на домаќинствата и правните субјекти за сопствени потреби и изградба и реконструкција на кровни конструкции и тоа:

- до 15 $m^3$ техничко дрво за изградба и реконструкција на кровни конструкции со:
  - барање од раководител – директор на подружница,
  - со задолжение за испорака од Помошник Директорот за комерцијални работи и
  - извршена авансна уплата.
- до 10 $m^3$ огревно дрво за потребите на домаќинствата и до 20 $m^3$ огревно дрво за правните субјекти за сопствени потреби, одделно за секој субјект во една календарска година.
- уплата на благајна се прима само на количини предвидени за продажба на мало во рамките на подружницата од сопствено производство.
  Доколку има барање за поголеми количини треба писмено да се побара од Сектор за комерција, за дополнителни уплати по предходно обезбедени вишок количини од друга подружница.

*Член 32*

За социјално ранливите категории на граѓани (социјални случаи, лицата со попреченост во развојот, деца без родители, самохрани родители, телесни инвалиди и стечајни

работници) и семејствата на: бранителите, на вработени кои останале инвалиди на трудот и вработени кои загинале при работа, при купување на огревно дрво во готово им следува попуст од 10%.
Социјално ранливите категории на граѓани (социјални случаи, лицата со попреченост во развојот, деца без родители, самохрани родители и стечајни работници) и семејствата на бранителите можат да купуваат огревно дрво на 8 (осум) и повеќе рати без попуст.
Статусот на ранливите категории, се докажува со потврда од надлежната институција.

*Член 33*

Магационерот на склад е должен да воспостави следење на дрвната маса (влез од шума и излез од склад) и води евиденција во книга за влез и излез.
Лицето задолжено за известување до Сектор за комерција задолжено доставува дневен извештај за влез и излез на склад и состојба на залихи на склад, продажба на корен и отпат после сеча.
Извештајот го води во exel со посебен sheet за секој ден, збирен за месец и година.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

*Член 34*

Овој Правилник стапува во сила со денот на донесувањето од страна на Управниот Одбор на ЈП "Македонски шуми" п.о. Скопје.

*Член 35*

Со денот на стапување во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за продажба на главните шумски производи, бр.02-1170/2 од 05.12.2014 година.

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател**
**Милутин Ристески**